РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 1088/8
21.05. 2026 год.-viti

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 60 седница одржана на 04.05.2026 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Анимална биотехнологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Анимална биотехнологија", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на земјоделски науки – Анимална биотехнологија/во меѓународен промет академски назив: PhD in Agriculture Sciences - Animal Biotechnology.

Научно - истражувачко подрачје: 4 Земјоделски и ветеринарни науки; Научно – истражувачко поле: 4.02 Сточарство и млекарство, 4.01 Земјоделство, шумарство и рибарство, 4.03 Ветеринарни науки, 4.04 Земјоделска биотехнологија, 4.05 Други земјоделски науки, научно потполе: 4.02.01 Добиточно производство (Сточарство), 4.02.02 Преработки од животинско потекло, 4.01.07 Рибарство Научно - истражувачко област: 4.02.01.01 Говедарство, 4.02.01.02 Свињарство, 4.02.01.03 Овчарство, 4.02.01.04 Козарство, 4.02.01.05 Живинарство, 4.02.01.06 Коњарство, 4.02.01.07 Исхрана на животните, 4.02.01.06 Генетика и селекција на домашни животни, 4.02.02.01 Хигиена и технологија на млеко и преработки од млеко, 4.02.02.02 Хигиена и технологија на месо и преработки од месо, 4.05.00.01 Пчеларство , 4.01.07.01 Рибарство, 4.03.00.21 Зоохигиена и заштита на животна средина. 4.02.02.02 Биоинжинерство.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Методија Трајчев, проф. д-р Златко Пејковски, проф. д-р Сретен Андонов, проф. д-р Хрисула Кипријановска, проф. д-р Срећко Ѓоргиевски, проф. д-р Зоран Т. Поповски, проф. д-р Соња Србиновска, проф. д-р Катерина Беличовска, проф. д-р Кочо Порчу, проф. д-р . Душица Санта, проф. д-р Александар Узунов.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-1522/2 од 29.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Анимална биотехнологија", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-1525/1 од 30.12.2025 година (наш бр. 08 - 1088/1 од 30.12.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 46-та седницата одржана на 26.01.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 1088/7 од 11.05.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 60-та седница одржана на 04.05.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков